**20252024053**

# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25) и член 63 став 8 од Законот за решавање банки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 209/23 и 188/25), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИДОВИТЕ ДОГОВОРИ, АРАНЖМАНИ И ИНСТРУМЕНТИ КОИШТО СЕ ПРЕДМЕТ НА ЗАШТИТА ПРИ ДЕЛУМНИ ПРЕНОСИ

1. Во Одлуката за видовите договори, аранжмани и инструменти коишто се предмет на заштита при делумни преноси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 71/25), во точката 6, зборовите: „13 октомври 2025 година“ се заменуваат со зборовите: „30 јуни 2026 година“.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-31278/19
25 септември 2025 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Трајко Славески,** с.р.